МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 7437/2
Датум: 02.12.2021
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 25.11.2021 година изврши увид на лице место на ул.„Прашка“ , по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ Оддел КЕЦ – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NA2XS(F)2Y 6x400mm2RM 20kV ,заради реализација на нов приклучок за барател БИ ХОЛДИНГ ДООЕЛ.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NA2XS(F)2Y 6x400mm2RM 20kV.Трасата за новата електрична инсталација започнува со поврзување со спојка со постоечки кабел лоциран на тротоар од бекатонска подлога , од каде што ја поминува ул.„Новопроектирана ул.3“ по пат на бушење и продолжува по тротоарот од бекатонска подлога на ул.“Прашка“ , асфалтниот дел од влез во зграда го поминува по пат на бушење и продолжува по тротоарот од бекатонска подлога се до влез во објект.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 141 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот да уплати износ од 20.812 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба со истите материјали како и претходните. Тампонот од тротоарската подлога од бекатон да се набие во слоеви и завршно да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*